**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување |
| Одговорно лице и контакт информации: | Илир Шабани, Раководител на Сектор за меѓународна трговска соработка<br>3093-506, 075 383-691<br>e-mail: ilir.sabani@economy.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒ Нацрт<br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго ________________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 27.03.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | ________.2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Во Република Северна Македонија, надворешно трговски промет на стоки со кои може да се користат за смртна казна, како и стоки кои може да се користат за тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување не е посебно регулиран и се спроведува без посебен систем за контрола .

Потребата од донесување на овој закон е заради исполнување на меѓународните обврски за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на надворешната трговија, односно со Регулативата бр. 1236/2005 со која се уредава надворешно трговскиот промет со овој тип стоки и услуги..

Уредување на надворешно трговски промет на овие стоки ќе помогне да се промовира почитувањето на човековиот живот и на основните човекови права и на тој начин служи за заштита на јавниот морал. Таквите правила треба да обезбедат дека стопанските субјекти во Република Северна Македонија немаат никаква корист од трговијата со стоки кои промовираат или на друг начин овозможуваат спроведување на политиките за смртна казна или за тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, што не е во согласност со релевантните насоки на ЕУ, Повелбата за фундаментални права на Европската унија и со меѓународните конвенции и договори.

Предложениот закон ги потврдува основните права и принципи утврдени во Повелбата за фундаменталните права на Европската унија, особено почитување и заштита на човековото достоинство, правото на живот и забраната на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување. .За целите на овој закон, се смета за соодветна примена на дефиницијата на тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, утврдени во 1984 година од страна на Конвенцијата на ОН против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Резолуцијата 3452 на Генералното собрание на Обединетите нации. Овие дефиниции треба да се толкуваат, земајќи ја предвид судската пракса во однос на толкувањето на соодветните изрази во Европската конвенција за човекови права и во соодветните текстови кои ги усвоила ЕУ или нејзините земји членки.

Со оглед на разликите помеѓу смртната казна, од една страна, и тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, од друга страна, потребно е да се воспостави систем на дозволи за извоз, со цел да се спречи употребата на одредени стоки за смртната казна..Бидејќи постои ризик од повторен извоз во земји кои не ја укинале смртната казна, овој Предлог закон ги утврдува условите и барањата при одобрување на извозот во земјите кои ја укинале смртната казна. Затоа е потребно да се издаде општа дозвола за извоз во земјите кои ја укинале смртната казна и кои тоа го потврдиле.

Ако некоја земја не ја укинала смртната казна за сите кривични дела и не го потврдила тоа укинување со меѓународна обврска, надлежните органи при испитувањето на барањето за дозвола за извоз треба да проверат дали постои ризик крајниот корисник во земјата на дестинација извезените стоки да ги користи за извршување на таква казна. Овој предлог закон воведува соодветни услови и барања за надзор на продажбата или трансферот на другите крајни корисници. Во случај на повеќе пратки од истиот извозник и краеи корисник, на надлежните органи им е дозволено периодично да го преиспитаат статусот на тој краен корисник, на пример, на секои шест месеци, наместо тоа да го прават секој пат кога се издава дозвола за извоз, без оглед на правото на

органот за поништување, суспендирање, измени или отповикање на дозволата за извоз, кога тоа е оправдано.

Со законот се забранува увоз, извоз, давање на услуги на техничка помош и посреднички услуги на опрема која нема практична употреба, освен за извршување насмртната казна или тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Овој закон е применлив и за трговија со посебни хемикалии за онеспособување на лица.

Надворешна трговија со стока чиј увоз и извоз не се забранети, може да се врши врз основа на дозвола од Министерството за економија, во согласност со актите донесени од страна на Владата. Стоките кои може да се користат за убивање на луѓе, инјектирање на смртоносна инјекција (анестетици, барбитурати со краткорочно или среднорочно дејство) чиј извоз и увоз не се забранети, ги пропишува Владата.

Предлогот на наведениот закон е во согласност со Регулативата бр. 1236/2005 од 27 јуни 2005 година во врска со трговијата со стоки со кои може да се користи за смртната казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување,, со Регулативата на Советот на (ЕУ) бр 775/2014 од 16 јули 2014 година за измена на Регулативата на Советот на (ЕУ) 1236/2005 за трговијата со одредена стока која може да се користи за смртната казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, и со Регулативата на (ЕУ) 2016/2134 на Европскиот парламент и Совет од 23 ноември 2016 година за изменување и дополнување на Регулативатанс Советот на(ЕУ) бр. 1236/2005 за трговијата со некои производи кои може да се користат за смртната казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Основните принципи на Регулативата 1236/2005 заговараа развој на несмртоносно оружје за онеспособување и за користење во соодветни околности, предупредувајќи дека користењето на таков вид на оружје треба да биде строго контролирана. Во овој контекст, специфичната опрема која надлежните државни органи имаа намера да ја користат за самоодбрана и за контрола нанемири, треба да биде прилагоденаза да може да се користи за поставување на електрични шокови и примена на хемиски агенси за да се онеспособат лица. Постојат индикации дека во неколку држави таквото оружје се злоупотребува, и се користи за цели на тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Измените на наведената Регулатива се направени заради зајакнување на мерките утврдени во Регулативата 1236/2005, која и понатаму дозволува трговија или посредување и реклама на стока што може да се користи за извршување на смртна казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Тоа е причината зошто Европскиот парламент во 2010 година. донел резолуција за потребата од измена на Регулативата, а Комисијата истата ја усвоила во 2014 година. Предлогот за измена на Регулативата, е усвоен од Европскиот парламент на 4 октомври 2016 година.

Република Северна Македонија има донесно Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.(“служберн весник на Република Македонија“ бр165.08)/

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Предложениот закон ги потврдува основните права и принципи утврдени во Повелбата за фундаменталните права на Европската унија, особено почитување и заштита на човековото достоинство, правото на живот и забраната на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување. .

Со оглед дека некој земји не ја укинале смртната казна за сите кривични дела и не го потврдиле тоа потребно е надлежните органи при испитувањето на барањето за дозвола за извоз да проверат дали постои ризик крајниот корисник во земјата на дестинација извезените стоки да ги користи за извршување на таква казна. Исто така потребно е да се воведат соодветни услови и барања за надзор на продажбата или трансферот на другите крајни корисници. Со оглед на разликите помеѓу смртната казна, од една страна, и тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, од друга страна, потребно е да се воспостави систем на дозволи за извоз, со цел да се спречи употребата на одредени стоки за смртната казна..Бидејќи постои ризик од повторен извоз во земји кои не ја укинале смртната казна, овој Предлог закон ги утврдува условите и барањата при одобрување на извозот во земјите кои ја укинале смртната казна. Затоа е потребно да се издаде општа дозвола за извоз во земјите кои ја укинале смртната казна и кои тоа го потврдиле.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на предлог законот е да се регулираат условите и начинот за вршење надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за целите на извршување смртна казна, мачење и друго сурово, понижувачко или нечовечно постапување и казнување и други прашања од значење за надворешната трговија со таа стока.. Исто така цел на предлог законот е да се забрани извозот, увозот, транзитот, давање посреднички услуги, оспособување за користење на стоката, рекламирање и изложба на саеми на стока која нема друга употреба освен за целите на извршување смртна казна, мачење и друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување, или казна.

Со оглед на разликите помеѓу смртната казна, од една страна, и тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, од друга страна, потребно е да се воспостави систем на дозволи за извоз, со цел да се спречи употребата на одредени стоки за извршување на смртна казна.. Ова од причина што постои ризик од повторен извоз во земји кои не ја укинале смртната казна, овој Предлог закон има за цел да ги утврди условите и барањата при одобрување на извозот во земјите кои ја укинале смртната казна и да предвиди издавање на општа дозвола за извоз , поединечна и генерална дозвола. во земјите кои ја укинале смртната казна и кои тоа го потврдиле.

Овој предлог закон исто така има за цел да ги утврди:

- Начинот и постапката за издавање на дозволите за извоз, увоз, транзит и , давање на техниќка помош и посреднички услуги,
- Видовите на дозволи
- Начинот и постапката за одбивање, одземање, поништување и измена на дозволите за извоз, увоз, транзит и , давање на техниќка помош и посреднички услуги,
- Обврските на лицата кои вршат надворешна трговија
- Обврските на надлежните органи
- Надзор и
- Казнените одредби

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Доколку не се прави ништо во следниот извештај на Европската комисија во Поглавјето 30. Надворешни односи, ќе биде нотирано дека немаме напредок во усогласувањето на домашното

законодавство со ЕУ Регулативата бр. 1236/2005 од 27 јуни 2005 година, 775/2014 од 16јули2014 година и 2016/2134 од 23 ноември 2016 година за трговијата со одредени стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување..

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Да се донесе Предлогот на закон, кој би го регулирал надворешно трговскиот промет со стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување...

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

Опција 1 Нерегулираната трговија со стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.. На тој начин се задржува досегашната состојба на немање на посебен систем за контрола на овие стоки.

Опцијата 2 дава можност Република Северна Македонија со. уредувањето на надворешно трговски промет на овие стоки поактивно да се вклучи во имплементацијата на Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување., со што ќе помогне да се промовира почитувањето на човековиот живот и на основните човекови права и на тој начин служи за заштита на јавниот морал. На тој начин Република Северна Македонија истовремено ќе го усогласи своето законодавство во оваа област со законодавството на Европската унија.

4.2 Фискални влијанија - Нема

4.3 Социјални влијанија - Нема

4.4 Влијанија врз животната средина - Нема

4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување - Нема

б) трошоци за почитување на регулативата - Нема

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнати страни се Министерството за економија, Министерството за финансии-Царинската управа, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за култура, Министерство за здравство и бизнис секторот. Предлог законот ќе биде објавен на веб страна на министерство за економија и на ЕНЕР, со што на секоја засегната страна ќе и се овозможи директно да се вклучи во изготвувањето на текстот на овој закон. Дополнително Предлог законот ќе се достави на мислење до Министерството за финанси Царинската управа на Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Министерство

за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за култура, Министерство за здравство и Секретаријатот за законодавство.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции) - Нема

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции) - Нема

6.3 Препорачано решение со образложение

Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа и усвои Опцијата 2 со тоа што ќе го усвои Предлогот на закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување кој би го регулирал надворешно трговскиот промет со овие стоки на тој начин што ќе ги утврди условите под кои може да се врши увоз, извоз, транзит, техничка помош и посредување со овој вид на стоки,, начинот и постапката за издавање на дозволите за извоз, увоз, транзит и , давање на техничка помош и посреднички услуги, видовите на дозволи, начинот и постапката за одбивање, одземање, поништување и измена на дозволите за извоз, увоз, транзит и , давање на техниќка помош и посреднички услуги, обврските на лицата кои вршат надворешна трговија, надлежностите на државните органи, надзорот и зазнените одредби за непочитување на одредбите од овој закон.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области - Нема

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Потребни подзаконски акти се:

- Одлука за утврдување на Листата на стоки кои може да се користат за смртната казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување
- Одлука за утврдување на Листата на земји за кои важи општата дозвола.
- Правилник за формата и содржината на барањето идозволата за извоз .увоз на стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.
- Правилник за формата и содржината на на барањето идозволата за посреднички услуги со стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

- Правилник за формата и содржината на на барањето идозволата за технички услиги со стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Министерството за економија, Министерство за финансии -Царинската управа на Република Северна Македонија, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи,Министерство за правда, Министерство за култура и Министерство за здравство.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

За ефикасно спроведување на законот ќе се спроведат консултации со земји членки на ЕУ и со земји каи отпочнале преговори со ЕУ а кои имаат воведено ваква регулатива.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија во соработка со Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи,а по потреба и со други надлежни органи.

.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Еваулација на ефектите од предлог законот ќе се врши преку Оценка за спроведувањето на регулативата по 3 години.

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:_____________ ..............................................

потпис на државен секретар

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:____________** **.......................................**

**потпис на министерот**